МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-4184/**

# З А П И С Н И К

**Од 282.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 23.06.2025 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-р Ристе Панов**(скајп)**,,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Селпин Керим и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Ивана Трајковска |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** / |

Седницата започна во 14.10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните и предложи измена на дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предлогот и едногласно го усвои.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 281.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.

3. Разно.

**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
бул.„Гоце Делчев“ бр.18, 1000 Скопје тел. 55 11 798, факс. +55 14 474

**ТОЧКА 1:Разгледување и усвојување на Записникот од 281.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 281.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 281.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 281.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац истакна дека јавниот конкурс за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ е завршен и согласно одредбите од Статутот на ЈРП МРТ постапката за избор ја спроведува Комисија која се формира од редовите на своите членови.
Од тие причини за членови на Комисијата беа предложени следниве членови: Смилка Јанеска Саркањац,Ведат Мемедалија,Златко Јанковски и Селпин Керим.

По расправата Одлука за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ беше ставена на гласање.
■**Одлуката за формирање на Комисија за спроведување на постапката за избор на членови на Надзорниот одбор на МРТ** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ едногласно ја донесе следнава :**О д л у к а**

Врз основа на член 41 став 1 од Статутот на ЈРП МРТ, Програмскиот совет на МРТ на својата 282.седница одржана на ден 23.06.2025 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за формирање Комисија за спроведување на постапката**
**за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ**

**I.**Се формира Комисија за избор на членови на Надзорен одбор на МРТ во состав:

1. Смилка Јанеска Саркањац
2. Ведад Мемедалија
3. Златко Јанковски
4. Селпин Керим

**II.**Комисијата има задача да утврди дали пријавените кандидати ги исполнуваат условите утврдени во јавниот конкурс, и до Програмскиот совет на МРТ да достави список на сите пријавени кандидати,со назначување кои од кандидатите ги исполнуваат а кои не ги исполнуваат условите од конкурсот.

**III.**Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

**ТОЧКА3:Разно.**

По однос на оваа точка беа доставени и разгледани два дописи пристигнати по пошта до Програмскиот совет:

-Барање од Фарије Бакиу со бр.03-4150/1 од 19.06.2025 г.

-Барање од Ерсан Пајазити со бр.14-3668/1 од 03.06.2025 г.

Седницата заврши во 16.40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател